Д-р Милева ЃУРОВСКА

## МАКС ВЕБЕР И РАЗБИРАЊЕТО НА ЕКОНОМИЈАТА

Слично како и Е. Диркем во Франција, Макс Вебер патот на изградба на својот социолошки систем го започнува со критиката на економијата, т.е. со полемиката која тогаш се водела околу "конфликтот на методите". Имено, на интелектуален план тоа е приод кога се публикувани поголем број на есеи за методите во економијата во рамките на постоечките правци на политичката економија (историската школа[1], социјалистичката политичка економија,[2] маргиналистите итн.). Овие почетни размислувања се објавени во делото: "Објективноста на сознанијата во науките и социјалната политика" (1904). Инспириран од K. Marx и Roscher во центарот на неговото внимание се поставени економските феномени како основни феномени, разликувајќи при тоа: "Феномени кои се чисто економски, оние кои се економски значајни и оние кои се условени од економијата".[3]

Создавајќи еден широк простор на посматрање на економијата, посматрање кое дава можност да се создаде една широка перспектива во која се поставени општествените феномени кои што се поклопуваат со севкупниот општествен простор, Вебер ги поставува темелите на својата социологија која се одликува со редица на посебности. Тој широк општествен простор всушност е културниот контекст. Така науката за општеството припаѓа на категоријата науки за културата, дисциплини кои му приоѓаат на човечкиот живот од аголот на неговото значење за културата.

Уште во самиот почеток на анализата на општествените феномени тој остро се спротиставува на историциските видувања т.е. кла-

---

[1] Во оваа група на економисти спаѓаат: F. List (1789-1846), B. Hilderbrand (1812-1878) Rocher (1817-1849), K. Knies (1821-1894). Тие делувале во правец на развојот на економската наука базирана на историографскиот метод според кој се проучувала еволуцијата на институциите правејќи при тоа строга поделба меѓу историските закони и егзактните науки.

[2] Станува збор за една историска школа (професори по економија со социјалистичка ориентација) со претставниците: Shmoleller (1838-1917), A. Wagner (1835-1917).

[3] Les Sciences sociales comme science de la culture, Zemeno od: Histoire des idees sociologique od Michel Lallement, Nathan, France 1993.

сификацијата на историјата во одредени етапи или епохи според одредени надворешни манифестации. Неговото видување на економијата е сосем ново и оригинално. Таа овде е видена преку призмата на општеството а не обратно. Економијата претставува општествен феномен. Тој остро се спротиставува на економскиот детерминизам т.е. на дефинирањето на општеството преку призмата на економијата што во ова време било мошне популарно. Импозантниот развој на индустријата која пред сè, се претставила со една огромна продуктивна сила придонело за тоа економијата да добие првостепено значење пред општеството. Во овој период се мислело дека економијата е сè, и дека сè друго е економија. Порастот на рационалното во човековото делување кое главно било иницирано од економијата придонесло за имплементација на една рационална, објективистичка компонента и во човековата свест. Тоа било сосема поволна подлога за прифаќањето на економскиот детерминизам како сосема логичен.[4] Но, Вебер не ја прифатил таа симплифицирана слика за општеството и еднонасочната улога на економијата во него, иако една од доминантните теми за кои понатаму тој ќе расправа, претставува токму тој вид на рационализам.

На критиката на економскиот детерминизам Макс Вебер гради една концепција кој го истакнува значењето на плуралитетот на причините. Секое општество поседува свој сопствен партикуларитет кој се објаснува со мноштво од економски, политички, културни, морални и други фактори. Овие фактори меѓутоа не делуваат директно како неодминлива надворешна нужност за поединците. Меѓу нив и поединецот останува еден широк простор на слобода за одлука, за еден индивидуален избор. Според тоа, човекот не делува на економски план единствено само заради тоа да го наполни својот стомак. Мотивацијата за неговото делување е разнообразна. Еден поединец може да верува во Господ, во заедницата која дава значајни импулси, да е под влијание на политиката, државната регулатива, должноста кон заедницата и сл. Овие моменти се тесно поврзани со економското делување, односно економскиот мотив кој во капитализмот се презентира како примарен и е многу комплексен. Тој мотив, иако Вебер на глобално рамниште го дефинира како рационален и примарен, доведен во врска со индивидуата, не секогаш се презентира како една рационална особина. Имено, проучувајќи ги мотивите за економско-

[4] Станува збор за економскиот детерминизам кој во својата екстремна варијанта ќе ја доживее во марксизмот т.е. историскиот материјализам

то делување, Вебер дошол до констатацијата дека развојот на Протестанската религија т.е. реформираната перцепција на Бог, која навидум претставува една ирационална компонента, одиграла пресудно влијание во развојот на капитализмот. Во тој контекст Вебер истакнува: Немојте веќе религијата да ја барате само во манастирите. Таа може да биде во фабричките хали или во вашите семејства, секаде каде вие го исполнувате светото дело-работата.[5]

### Социологијата и општествената реалност

Не е спорна констатацијата дека Веберовото дело всушност на некој начин претставува рехабилитација на општеството кое во овој период на доминација на економијата било потиснато на втор план. Посматрајќи ги економските феномени во поширокиот општествен контекст, односно во контекстот на културата, религијата, државата, политката, моралот и сл., тој на социологијата и го даде всушност и нејзиниот основен предмет. Во однос на дефинирањето на предметот на социологијата, која во тој период но, веројатно и во сите други периоди кои следат, имала голема потреба да го докажува и дефинира својот предмет, Вебер констатирал: "Не се тоа материјалните релации меѓу одредни ствари кои ја конституираат базата за делимитирање на научната работа, туку релациите меѓу одредени проблеми, дефинирани според одреден концепт", тоа е начинот кој создава еден нов предмет (еден нов проблем) на проучување, со еден нов метод на откривање на вистините кои пак откриваат еден нов хоризонт кој ќе направи да се роди една нова дисциплина.[6]

Специфичноста во третирањето на економските проблеми се состои пред сé во отфрлањето на општите модели и шеми т.е. општите начела и фактори кои ги креираат економистите за да ги објаснат економските појави. Тие модели не ја поседуваат моќта да го заменат животот т.е. реалноста, и според тоа, тие претставуваат една спекулативна илузија. Спротивно на тоа, констелацијата на овие општи фактори треба да се бара во реалниот живот, во значењето што тие го имаат за животот на луѓето во еден историски период. Реалноста која нам ни се презентира всушност тоа е културата со сите вредности што во неа се создадени. Тоа е така и во природните и во општествените науки,

---

[5] Michel Lallement, 1993, Histoire des idees sociologiques, Nathan Paris,

[6] La sciences sociales comme scences de la culture str. 146

всушност, "Каузалитетот во науките е поврзан со етиката, тој не е еден фијакер кој може да биде запрен за да некој се качи или се симне".

Реалноста е неограничен и разновиден континуитет. Но, во таа неограничена и сложена реалност, делот кој се проучува се избира според еден одреден интерес кого го детерминираат вредностите на културата. Избраниот дел, и само тој поседува одредено значење. Теза сосема неразбирлива и неприфатлива за научниците од природните науки кои ги објективизирале науките до тој степен што создале илузија дека сознанијата, такви какви што се создадени во природните науки, се тие коишто го движат светот, и нормално дека тие имаат право да владеат со него. Во крајна инстанца, сознанието до кое е дојдено во природните науки претставува еден посебен вид на социјална акција, каде е голема улогата на поединците кои нему му придале едно одредено значење. Големите открития на епохата во секој случај не се плод на еден случаен изум на некој застранет поединец кој се крие во визбите за да го заврши своето дело. Напротив, тоа е стимулирана и општествено поддржана акција, а во некои општества и основна вредност на културата. Така на пример, симбол за модерното Американско општество е компјутерот. Оваа техника станува вредност на една култура која ја поседува моќта да влијае на промената на многу други вредности. Науката претставува вредност, според Вебер, Но, таа и покрај тоа може да биде спорна, бидејќи научното знаење има вредност само за оние кои прифаќаат да се потчинат на нејзините императиви и на тој вид авторитет.

Сознанијата во природните науки главно се интерпретираат како општи принципи и генерални хипотези. Сознанијата во општествените науки се конкретни, јасни и секогаш извесни. Како такви тие се нестабилни и подлежат на промени. Зад одредени општествени акции (дејствувања), или зад одредени општествени односи секогаш стојат одредени поединци кои на овие односи или акции им даваат одредено внатрешно значење. Општественото делување секогаш е делување со некој мотив, со одредена смисла.

Социологијата како наука нема за цел да го реформира општеството или да изгради било каква револуционерна теорија, иако тоа во општествената прктатика не изгледа често така. Според Вебер, оној кој трага по научните знаења тој треба строго да внимава да не ги преобрази или да не делува врз општествените вредности иако него токму тие вредности го водат кон опфаќањето на реалноста. Кај истражувачот неопходно е да се суспендираат сите негови лични убедувања во поглед на критиката на реалноста.

## Основниот принцип на модерните општества, рационализацијата

Кога Вебер расправа за економијата тогаш неодминливо, во исто време тој ги има предвид и државата, правото, науката, уметноста итн. Така на пример, кога тој зборува за институционализацијата на еден пазар, во исто време зборува за музиката и нејзиниот развој, за перспективата на еден цртеж, за карактеристиките на градот итн. Она што е заедничко за сите овие феномени е нарасна-тиот степен на рационализација кој го дистанцираат нашето општество од оние кој нему му претходат.

Во економијата рационализмот се препознава во рационалната организација на едно претпријатие ориентирано кон еден стабилен пазар, каде улогата на случајот и спекулациите се сведени на минимум, а зголемена е потребата за правење калкулации, посебни начини на управување, правење на комбинации и стратегии. Во државата, тој принцип се изразува како автономизација и специјализација на функциите, делување на политичките партии како репрезентенти на народот, нешто што во минатото било непознато. Во правото, рационализацијата, значи премин од imperiium laic и теократската моќ кон едно формално право, литерерно оформено од страна на специјалисти (правници) кое поседува своја сопствена логика. Всушност рационализмот во своето глобално значење кое му се придавало во тој период, значи пред сѐ, идеја според која разумот управува со општеството, односно ослободување на социјалната акција на луѓето од традиционалните рамки или пак од принципите на светото и религијата и поврзување на делувањето со некоја своја внатрешна логика тесно поврзана со ефикасноста.

Рационализацијата значи еманципација на претпријатието, не само во поглед на религијата туку и во поглед на семејството. Дури тогаш кога претпријатијата ќе се раководат од една сопствена внатрешна логика формализирана во еден систем на општи принципи може да се зборува за рационална акција во економијата. Размислувајќи околу рационализмот во економијата, Вебер дошол до конструкцијата на еден идеален тип на организација т.е. бирократската организација како еден од најрационалните инструменти во економската област. Универзализацијата и формализацијата претставуваат премин од една економија со традиционално право кон една економија со модерно право. Во суштина рационализацијата претставува деперсонализацијата на социјалните односи.

Според Вебер ако социологијата сака да се бави со проучување на општествената стварност тогаш треба да се насочи кон она што во неа е важно во тој момент, како што тој тоа го направил со економијата, со религијата чие слабеење во тој период било евидентно, со државата и сл. Овде нема повторно да укажуваме на деталите со кои претходно беше аргументирано значењето на економијата за капиталистичкото општество. Доследен на својата основна методолошка ориентација која во глобални црти се дефинира преку:

- Истакнувањето на посебноста на секое општество;

- Каузалитетот и сфаќањето на реалноста како еден бесконечен континиум;

- Дефинирањето на појавите во однос на традиционалното и рационалното; и

- Разбирањето како посебен облик на осознавање на општествените феномени

Вебер анализите на економијата ги насочува кон постоечкото општество, т.е. капитализмот. Неговите амбиции да ги експлицира во исто време и на исто место сите аспекти на неговата основна концепција го создаваат делото: "Економија и општество".

Речиси еден век подоцна од времето во кое Вебер живее и од кое ја црпи својата инспирација, Веберовата концепција сеуште изгледа сосем актуелна. Една од лекциите која аналитичарите на Вебер можат да ја научат е онаа за проучувањето на актуелните проблеми во општеството и тоа со сите можни сетила. Да се потсетиме на една негова мисла изразена во контекст кога тој го истакнува значењето на емпириската анализа во социологијата: "Без практика, една чиста теориска рефлексија, многу брзо станува стерилна". Но, проблемот е во тоа што аналитичарите на општеството денес, организирани во вистински истражувачки претпријатија, со цела армија на истражувачи, хиерархиски подредени, според неговиот рационален модел на организација, многу тешко излегуваат на крај со сложената реалност. Од овие истражувачки претпријатија излегуваат многу факти, многу сознија кои не така ретко се спротивни едни на други. Тоа може да значи дека Веберовиот методолошки идеал се остварил. Антагонизмот меѓу вредностите во општеството се одразува и на планот на сознанијата. Тоа е така бидејќи во едно исто општество постои и силно изразената идеја за правда и правичност, братство и слобода, богатство и сјај, но и војни, нееднаквости, завист и омраза. Објаснувањето може да се бара во едно од многуте филозофски

прашања што Вебер ги поставува. Имено "Зошто Бог кој во својата суштина е добар и перфектен може да предизвика нешто што е инверзно од неговата суштина зло, неволји, неправди".

## Економијата како општествен феномен

Иако Вебер долго време се бавел со анализата на економските феномени и дал свој прилог во анализата на природата на одредени економски категории, тие анализи секогаш биле во контекст да се сознае и разбере општеството, отколку да се сознае самиот феномен. Затоа неговите анализи на економските феномени во делото "Економија и општество" оптоварени со многу детали, понекогаш се конфузни и непривлечни за студирање на економските феномени. Во крајна инстанца, економската активност како активност која поединецот ја презема со цел да ја задоволи својата желба за корисни нешта, не секогаш претставува општествена активност. Активноста која акцентот го става на потребите, при што е запоставен аспектот на економската добивка (профитот), не е социјална активност. Економијата мора нужно да ја содржи, не само објективната страна (нужното земање предвид на одредени економски околности), туку и субјективната, што подразбира активност што поединецот ја презема дека е однапред планирана и посакувана. Тоа би значело, пред сѐ, дека оние кои се одлучиле да преземат економска акција рационално се однесуваат кон средствата (техниките, изборот и алтернативите и нивната крајна цел претставува добивката). Капиталистичката економија, пред сѐ, ја чинат претпријатиијата кои делуваат во рамките на една специфична (капиталистичка) организација на работата. Специфичноста на организацијата се состои во тоа што таа наметнува одредени економски императиви кои учесниците во таа економија мораат да ги почитуваат. Една од основните норми на капиталистичката економија претставува профитот т.е. добивката која се стекнува како резултат на погодностите на пазарите. Претпријатијата немаат друг избор, освен да бидат успешни и економски профитабилни, инаку: "ако еден фабрикант делува спротивно на економските норми иманентни на тој поредок, тој ќе биде уништен".

Според Вебер, насилното приграбување на средства, користењето на политичката моќ за притисок кон подредените кои се принудени да ги отстапат своите извори, како и сите видови на политичките манипулации, во никој случај не претставуваат економија. Во економи-

јата постои етика која Вебер ја генерира од природата на самиот капитализам, т.е. од духот на капитализмот. Основен структурен елемент на капиталистичката економска етика претставува еден изразито позитивен однос кон економијата т.е. кон зголемувањето на материјалните богатства. На индивидуален план позитивниот однос кон економијата се изразува како еден крајно позитивен однос на поединецот кон својата работа т.е. кон своето занимање, кое се извршува со голема трпеливост и пожртвуваност. Работата не претставува само начин кој ќе овозможи стекнување на материјални добра, туку и духовно задоволство (поврзано со спасувањето на душата). Спротивно на оваа економска етика, во традиционалните економии работникот би сакал помалку да работи, а да заработи повеќе, на работа е комотен и лежерен до крајни граници и многу потешко се прилагодува на новите начини на работа. Што се однесува до работодавците во овие економии, тие исто така се комотни и инертни во поглед на квалитетот на произведените добра, се задоволуваат со приходи кои им обезбедуваат подобар живот и одржуваат неформални врски со работниците и клиентите.

Меѓутоа, во капиталистичката етика, не постојат лимити во стекнувањето, границите се неодредени. Но, постојат лимити што се однесуваат на начинот на стекнувањето. Богатствата можат неограничено да се зголемуваат но, ако зад нив стои една чесна и дисциплинирана работа. Се осудува бескрупулозното богатење зошто тоа не ќе даде значајни ефекти на економијата и просперитетот на општеството.

Вебер ја определил и улогата на државата во економските однесувања. Разбирањето на економијата нужно го наметнува и овој битен аспект во функционирањето на современите општество. Правниот поредок е неизбежен и тој треба да им гарантира автономија и автокефалност на пооделните економии. Но, иако емпириски важна и неопходна, државата т.е. правниот поредок, ниту во поимна смисла, а ниту во емпириска смисла, не треба да значи моќ на располагање или моќ на приграбување. Според тоа, државата, функционерите и другиот персонал кој го опслужува општеството и економијата се службеници. Тенденцијата на пораст на државата како и бројот на државните службеници го мотивирала Вебер, се разбира токму во функцијата на економијата, да го разработи идеалниот модел на државна организација кој тој го нарекол бирократија. Бирократијата всушност претставува рамка која ја лимитира можната доминација на државата, која реално може да има неограничена моќ. Државата е првата инстан-

ца која треба да го почитува правниот поредок. Ефикасноста на бирократијата произлегува од неколку принципи. Меѓу нив најважни се:

- моќта на функционерите произлегува од компетенциите, а не од обичаите или некоја друга надворешна сила;
- администрацијата го практикува правото кое е неутрално спрема конкретни личности, нивното потекло;
- функционерите се образовани и поседуваат посебни вештини да ги извршуваат своите задачи т.е. не се тоа случајни луѓе поставени по партиска или идеолошка линија;
- тие сето тоа го прават само за плата чија висина е определена со закон.

Иако Вебер овој идеален модел на организација го создал имајќи ја предвид државната администрација, како место каде може да се узурпира моќта, бирократијата претставува таква организација која може да се воспостави секаде: во претпријатијата, црквите и други установи. Таа во Веберовска смисла на зборот претставува една од рационалните техники кои модерната економија може да ги користи таму каде е неопходно да се делува според модерните принципи.

Во разбирањето на економијата Вебер оди уште подалеку. Сондирајќи длабоко во културата, никулците на капиталистичката економија тој ги пронашол во религијата. Всушност Вебер бил убеден во фактот дека секоја економија се заснова на одредени внатрешни мотиви кои ги водат поединците кон одреден вид на однесување. Станува збор за една перманентна поврзаност на економијата со одредени идеологии. Така, како генератор кој произведува една огромна количина енергија за развојот на капиталистичката економија, за Вебер била протестантската религија. Вебер до оваа констатација не дошол случајно. Зад оваа констатација стои една богата историска анализа на постоечките религии и нивниот однос кон овдеземското, световното. Неговите импресии од тие длабински проучувања, кои се случиле во една подоцнежна фаза го модификувале и неговиот став кон економијата. Во секој случај тој навистина барал аргументи за докажување на своите основни методолошки идеи, и можел да ги пронајде насекаде во општеството. Пресудната улога на протестанската етика била во оној нејзин сегмент кој е тесно поврзан со занимањето, и значењето што му се дава на трудот во тој контекст. Иако занимањето овде има религиозна позадина т.е. тоа се сфаќа како една задача која Бог ја поставува пред поединецот, овде всушност до израз доаѓа нужноста пред која поединецот е поставен, а во овој случај таа има

економска димензија. Работењето во протестанската етика, пред сé значи спасување на душата. Но, што би значело ако во капитализмот не се работи? Ако еден фабрикант не го инвестира својот профит, тој не може повеќе да биде фабрикант, а тоа е поразно за него. Всушност, тоа е најголемата казна која го лишува поединецот од неговиот идентитет, од личноста. Сето тоа прави работата да биде централна преокупација, позив што е речиси во исто значење како посветеноста на монасите. Но сепак, трудот и во оваа епоха, како и во сите други пред неа, а можеби и во оние во иднината, и покрај совршените машини и софистицираните технологии, тој отсекогаш претставувал напор, мака.

Меѓутоа без оглед на погоре дадените констатации кои се производ на барањето на еден поинаков каузалитет, сепак, не мала може да биде улогата на една етика која развива еден позитивен однос кон работата како што тоа е во протестанската етика. Учењето на оваа етика е спротивно на учењето во католичката религија, која трудот го дефинира како казна за направениот првобитен грев во смисла "ќе го јадеш лебот насушен во потта на своето чело, за да го заслужиш небеското царство".

Ако овие тези се апстрахираат од целокупниот теоретски концепт на Вебер во кои безрезервно секаде е нагласувана потребата од "активирање на сите сетила и сите сознанија" тогаш безрезервно се поставуваат многу прашања, меѓу кои е и прашањето за развојот на капитализмот и модерната економија во земјите каде доминира католичката религија. Во овој контекст, можеме да дискутираме и за православието чија доктрина негува негативен однос кон работата, каде што акцентот е ставен на неработните денови, доминација на обредите кои имаат потрошувачки карактер, кои се спротивни на протестанската аскеза, каде создаденото не се троши и секогаш се инвестира во продуктивни цели.

Едно од прашањата кои ги поставуваме во последните десет години, години на транзиција, е прашањето: какви се шансите да се развие овде капитализмот и модерната економија? Дали егзистенцијата т.е. економијата во нејзината најчиста варијанта може да ја произведе енергијата за развојот на економија т.е. општество кое ние го посакуваме. Попрецизно, дали отсуството на посебни општествени инпути, идеологии или културни вредности можат да ги остварат поставените цели за промена на економскиот систем, за брз развој на економија која ќе биде компатибилна со развиените економии. Всушност, основен импут, основен мотив претставуваат голите економскин интереси, чистата економска содржина која прави за десет години да се создадат најбога-

ти луѓе во светот, да се негира потполно еден трудов работнички потенцијал и да се развие потребата од разни манипулации, нечисти финасиски трансакции кои се во функција на пренесениот економски мотив. На ваквата економска димензија, која што е доминатна, неопходна му е една социјална димензија. Но, и за тоа има готови решенија, а тоа се концептите кои се преземени токму од општествата чија економија е преземена.

Модерните општества се карактеризираат со една одлика, а тоа е нивната внатрешна потреба да се спознаат себе си и тоа во онаа sui generis варијанта за која зборува Диркем. Според тоа, одлика е на традиционалните општества тие да не ја развијат таа потреба и наместо сознанија кои во суштината се контрадикторни како компензација се нуди една единствена вистина. Некаде тоа е религијата, некаде тоа е диктатурата и вистината која ја сервира една владеачка политичка елита. Но, не ретко како вистина се јавува едно сознание кое оди под плаштот на научна вистина позајмена од некоја друга стварност. Но, ниту најдобро поставената теориска хипотеза, ниту најконцизната концепција која е позајмена од литературата на аналитичарите од светски глас, нема да даде одговор на еден посебен културен контекст. Но, она што најмногу поразува на тој план е инфериорното чувство на аналитичарите, нивната изгубеност во системот на вредностите. Нивната мисија завршува уште пред таа да започне, завршувајќи ги своите анализи со цитататити од популарните дела од светската литература.

**Литература:**


Đurić M. (1987). Sociologija Maxa Vebera, Sociološka hrestomatija, Zagreb:Naprijed,

Lallement Michel. 1993. Histoire des idees sociologique od, Paris: Nathan,

Weber M. 1996. Economie ete societe. Paris: Bibliotheque Economique